**ГРАД СКОПЈЕ**
СЕКТОР ЗА КОМУНАЛНИ РАБОТИ

Врз основа на член 29 и 34 од Законот за урбано зеленило (" Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42 /20) и член 6 став 2 точка 1 од Законот за прогласување на локалитетот Парк-шума Гази Баба за парк на природа ("Службен весник на РМ" бр.44/15 )по барање на **Електродистрибуција Дооел– Скопје**, за интервенција врз зеленилото , во Парк-шума Гази Баба, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.**СЕ ОДОБРУВА** да се изврши кастрење на висока вегетација во дел од Парк на природата Гази Баба, односно во дел од безбедносниот коридор на потегот под Далекуводот под 110 kV, Скопје 1 – Гази Баба, помеѓу столб 13, 14 и 15 поради навлегување на вегетацијата во критичното растојание, долж трасата на постоечкиот коридор под 110kV далекувод Скопје 1 – Гази Баба (согласно записникот бр. 14-13-12/119/1 од 13.03.2023 година.)

2.Кастрењето, ќе го организира барателот, под надзор од ЈП "Паркови и зеленило" и истото треба да се реализира исклучително во насока на обезбедување на коридорот на потегот под Далекуводот од 110 кV Скопје 1 – Гази Баба. Кастрењето мора да се изврши стручно, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети, најдоцна во рок од 60 дена, од правосилноста на решението. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на барателот.

3..Се задолжува барателот по реализација на ова решение да изврши отстранување на исечената дрвна маса и воведување на шумски ред под надзор на ЈП "Паркови и зеленило– Скопје.

4.Се задолжува барателот да изврши компензациско садење за отстранетото зеленило во соработка и под надзор на ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, најдоцна во рок од 120 по реализација на точка 2 ова решение.

5.Се задолжува ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје во рок од 15 дена, за превземените дејствија наведени во ова решение, да изготви соодветни записници.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

**Електродистрибуција Дооел,** поднесе барање до Град Скопје заведено под бр. 14-13-12/119 од 22.02.2023 година, за кастрење на висока вегетација во дел од Парк на природата Гази Баба во дел од безбедносниот коридор на потегот под Далекуводот под 110 kV, Скопје 1 – Гази Баба, поради навлегување на вегетацијата во критичното растојание по трасата на постоечкиот коридор под 110 kV далекувод, а согласно Законот за енергетика ("Сл.весник на РМ " бр.16/11), односно Законот за шумите ("Сл.весник на РМ " бр.64/09 ),во рамките на редовно одржување на постоечките далекуводни коридори.

Службеникот, од град Скопје заедно со службеното лице од ЈП "Паркови и зеленило" го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација на ден **13.03.2023** година. На увидот присуствуваше и претставникот од барателот. При тоа е утврдено дека зеленилото, односно висока вегетација треба да се искастри, на локација наведена во точка 1 од диспозитивот на ова решение од безбедносни причини.
Исто така, утврдено е дека зеленилото, предмет на ова решение се наоѓа во Парк-шума Гази-Баба, шума за која е донесен посебен закон односно закон што важи исклучиво за овој локалитет, а тоа е Законот за прогласување на локалитетот Парк-шума Гази Баба за парк на природа ("Службен весник на РМ" бр.44/15 ).
Во член 6 став 1 од наведениот закон стои дека градот Скопје е должен да ја чува, да се грижи и одржува парк-шумата во состојба што одговара на нејзиното значење и функција.
Во член 6 став 2 точка 1 од наведениот закон стои дека градот Скопје е должен да ги презема сите пропишани заштитни мерки за: создавање услови и преземање мерки за заштита на парк-шумата, со трајно одржлив шумски екосистем.
Во член 34 став 1 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) стои дека корнење, сечење и кастрење дрвја, грмушки и жива ограда на јавни зелени површини може да се врши ако пречат на подземни или надземни инсталации, кога постои опасност да причинат човечки или материјални штети.
Овој орган има заклучено дека поради безбедносни причини односно општиот интерес на барателот треба да му се овозможи кастрење на вегетација за да се обезбеди критичното растојание од далеководот и при тоа на барателот, земајќи ја во предвид одредбата од член 6 став 2 точка 1 од Законот за прогласување на локалитетот Парк-шума Гази Баба за парк на природата, му е наметнато компензациско садење за искастреното зеленило.

Поради се наведено е одлучено како во диспозитивот.

**ПОУКА:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-13-12/119/2**
**13.03.2023** година
**С к о п ј е**

Доставено до
-Барател
-ЈП Паркови и зеленило
-Архива

Изработил
Марија Стојановска

Раководител на Одделение
Емил Ѓуровиќ

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
**Раководител на Сектор**
Зоран Лапевски